**Култура**

Објавено на: **06.04.2009 18:35:00**
Автор: **Елена Димитровска**
Ревизија: 1

# Избрани најдобрите идејни и архитектонски решенија за објектите на МНТ-Центар и Драмски театар

***Во Културно-информативниот центар во Скопје денес беа претставени трудовите кои конкурираа за најдобро идејно и архитектонско решение за објектите Драмски театар и МНТ-Центар. Двата труда се наградени со паричен износ од по 400 илјади денари***



Идејното решение за МНТ

Новиот објект на Македонскиот народен театар-Центар ќе се гради на местото на стариот според идејното решение на авторите **Минас Бакалчев**, **Митко Хаџи-Пуља**, **Саша Тасиќ**, **Бетим Зекири** и **Бесијан Мехмети**.

Изградбата на објектот на Драмски театар-Скопје на местото на стариот ќе се одвива според идејното решение на **Емил Јагени**, **Елена Икономов**, **Јасна Милојковиќ**, **Веле Богоевски**, **Билјана Стојменовска** и **Никола Томевски**.

Драмскиот театар, според проектот, ќе биде вклопен во мултифункционален деловен центар, кој ќе биде висок максимум 30 метри. Театарот ќе зафаќа 20 отсто од вкупниот простор на објектот и површина од околу 4.000 квадратни метри. Предвидени се голема и мала сцена со 350 седишта за гледачи во партер и 150 места во галерија.

МНТ ќе биде сместен во комплексен мултифункционален објект со повеќе содржини, меѓу кои и канцеларии за активности од областа на културата и образованието, студентско домување и деловен простор. Театарот, во рамките на новиот објект, ќе има две сцени: главна, со капацитет од 500 гледачи и мала сцена, која ќе може да прими 120 гледачи. Максималната висина на објектот е 35 метри.

→Клучни зборови: Драмски | МНТ

Нема гласови / 5.00 (Нема гласови)

Горе

## Коментари

**Јавна дискусија (0)**

Нема коментари

Горе

## Последно видео

**Возилата пронајдени, ограбувачите на ПроКредит банка во бегство**

## Временска прогноза

***БИТОЛА*** **8.0°C**

Точка на конд.: 3.0°C Субјект. темп.: 8.0°C

*Податоците се од 13.04.2009 09:30*

## Анкета

**Дали сте facebook зависници?**

- Да
- Не

Гласај | Резултати

## Курсна листа

| | Куп. | Срд. | Прод. |
|---|---|---|---|
| HRK | 0 | 8,31 | 0 |
| GBP | 68,08 | 68,42 | 68,76 |
| EUR | 61,1 | 61,41 | 61,72 |
| NOK | 6,96 | 6,99 | 7,03 |
| USD | 46,49 | 46,72 | 46,96 |
| JPY | 0,46 | 0,47 | 0,47 |
| DKK | 8,2 | 8,24 | 8,28 |
| SEK | 5,62 | 5,65 | 5,67 |
| AUD | 33,42 | 33,58 | 33,75 |
| CHF | 40,16 | 40,36 | 40,56 |
| CAD | 37,89 | 38,08 | 38,27 |